ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 15.4.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2020 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје, според Годишната сметка за 2020 година во износ од 90.630.213 денари, се распределува на:

1. Износот од 8.920.293 денари се распределува во резерви.

2. Износот од 81.709.920 денари останува како задржана добивка расположива за распределба на акционерите, до денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплата на дивиденда:
(1) со престанок на важност на Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките бр. 02-15//III-6/2021 од 26.2.2021 година („Сл. весник на РСМ“ бр.47/26.2.2021) или
(2) со донесување решение, одлука или друг акт на надлежен орган со кој за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда.

На денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда на еден од начините предвидени во претходниот став, задржаната добивка расположива за распределба на акционерите во износ од 81.709.920 денари ќе се распредели како дивиденда за обични акции.

### Член 2

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во готово по исполнувањето на условите од член 1, став 1 точка 2.

### Член 3

Средствата наменети за дел од плата и награди на членовите на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените по основ на деловна успешност кои во Годишната сметка за 2020 година, во согласност со МСС 19, се вкалкулирани како трошок во износ од 4.089.256 денари, се распоредуваат на следниов начин:

- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор што се исплатува.
- Дел за плата по основ на деловна успешност на менаџментот и вработените.

Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор и Управниот одбор го извршуваат распоредот на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените со посебни одлуки.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

# О б р а з л о ж е н и е

## кон Предлог - одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2020 година

Како резултат од работењето во 2020 година, ТТК Банка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 100.922.015денари. По одбивањето на данок на добивка во износ од 10.291.802 денари, останува добивка по оданочување во износ од 90.630.213 денари. Се предлага износот на нераспределената добивка од 90.630.213 денари да се распредели дел за резерви и дел за нераспределена добивка расположива за распределба на акционерите.

1. Во согласност со член 485 од Законот за трговски друштва, Банката е должна да издвои минимум 5 % од добивката за општ резервен фонд сè додека резервите не достигнат износ што е еднаков на една десеттина од основната главнина. Со оглед на добрата ликвидносна и финансиска состојба на Банката, како и процената дека идниот развој на економската и финансиската ситуација и нејзиното влијание врз капиталот и ликвидносната позиција на Банката ќе овозможат одржување на сегашното профитабилно работење, се предлага Банката да издвои 9,84 % од нето добивката во износ од 8.920.293 денари во резервен фонд.

2. Во согласност со член 22 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, имателите на обичните акции имаат право на дивиденда.
Советот на Народната банка на Република Северна Македонија на 26.2.2021 година донесе Одлука за привремено ограничување на распределбата и исплата на дивиденда на акционери на банките бр. 02-15/III-6/2021 („Сл. весник на РСМ" бр. 47/26.02.2021) со која привремено ја ограничува распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите, заради натамошно зголемување на отпорноста на банкарскиот систем во целина и одржување на финансиската стабилност во услови на продолжени ефекти од кризата на пандемијата од COVID-19 и неизвесноста предизвикана од истите.
Имајќи ја предвид донесената одлука од Советот на НБРСМ, со оваа Предлог - одлука се предлага износот од 81.709.920 денари да остане како задржана добивка расположива за распределба на акционерите, до денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплата на дивиденда.
На денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределбата и исплатата на дивиденда, задржаната добивка расположива за распределба на акционерите во износ од 81.709.920 денари ќе се распредели како дивиденда за обични акции.
Со тоа, по исполнување на условите за распределба и исплата, добивката за имателите на обични акции ќе се распредели во износ од 81.709.920 денари, односно 90 денари бруто-дивиденда по акција, што изнесува 9 % од номиналната цена на акциите.

3. Во согласност со МСС19, во Годишната сметка за 2020 година е вкалкулиран трошок за исплата како дел од плата и награда по основ на деловна успешност на членовите на Надзорниот одбор и членовите на менаџментот и вработените во висина од 4.089.256 денари. Распоредот на средствата на поединечните членови на Надзорниот одбор, менаџментот и

вработените со посебни одлуки го извршуваат Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор и Управниот одбор.